**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6119/**

# З А П И С Н И К

**Од 260.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 22.10.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Драган Николовски-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ, Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ и Мерита Гаши-Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ.

Седницата започна во 14.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 259.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување на Предлог Програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2025 година.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 259.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 259.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 259.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 259.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разлгледување на Предлог Програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2025 година.**

ЈРПМакедонската Радио Телевизија како јавен радиодифузен сервис во РСМ, и во 2025 година ќе ја извршува својата дејност што опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми на сите програмски сервиси согласно законските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Програмата на Македонската Радио Телевизија се емитува преку редовните телевизиски програмски сервиси: Прв програмски сервис – МРТ1, Втор програмски сервис– МРТ 2, Спортско - забавен канал – МРТ 3, Канал на другите етнички заедници и документарна програма – МРТ 4, Детски канал – МРТ 5, два посебни телевизиски сателитски сервиси, Собраниски канал како и три редовни радио програмски сервиси и еден посебен радио сателитски сервис на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.Составен дел на програмската шема ќе биде и спортската програма. Најатрактивните содржини ќе бидат емитувани на МРТ1, а дел на МРТ3. Во овој контекст значајно е да се споменат квалификациите и пријателските натпревари во фудбал и Светското првенство во ракомет – мажи, 2025 година.

Македонската Радио Телевизија согласно својата програмска поставеност по програмски сервиси и нивната поделеност по програмски жанрови, во 2025година ќе стави акцент на зголемување на производството на сопствена програма, посебно во делот на образовната, детската и културната програма, како и секојдневното продуцирање на содржини од информативен карактер. Темите што ќе ги опфаќаат домашната игранаи документарна програма во 2025 година ќе бидат од македонската историја, традиција, фолклор, архитектура, културното наследство, економијата и од социјалниот живот. Македонската Радио Телевизија е единствен јавен радиодифузен сервис во Европа што произведува и емитува програма на 7 јазици (македонски, албански, турски, српски, влашки, босански, ромски) со што е уникатен пример за зачувување и афирмација на културните и етничките различности во македонското општество.

Македонската Радио Телевизија активно ќе ги поддржува сите кампањи, фестивали, културни и спортски манифестации коишто се од национално значење и настаните од јавен интерес.

Во 2025 година, МРТ активно ќе ја продолжи соработката со сите културни институции: Национална опера и балет, Македонска филхармонија, Македонски народен театар, Драмски театар, Охридско лето, Струшки вечери на поезијата, Театар Комедија, Фестивал на Античка драма Стоби, Скопски џез фестивал, Скопско лето, Фестивал Браќа Манаки и ќе ги следи, документира и емитува нивните активности.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац во продолжение им даде збор на Главните и одговорни уредници на програмските сервиси кои присуствуваа на седницата на Програмскиот совет на МРТ. Во продолжение уредниците пред присутните членови секој посебно ја презнетираа програмата која е предвидена и се планира да се емитува на сервисите на МТВ за 2025 година.

Понатака на седницата беа прочитани пред присутните и два предлози односно забелешки по однос на програмата кои Програмскиот совет на МРТ ги имаше издвоено како прифатиливи, и тоа првиот пристигнат од како што беше наведено во мејлот група на обожаватели на Евровизија, во кој меѓудругото се потенцира потребата за учество на Македонската Радио Телевизија на овогодинешниот Евросонг, и вториот на Елена Попазова

кој се однесуваше на збогатување на програмата со дополнителни дневни содржини за пензионери, како и за откуп на латиноамерикански,шпански или италијански ТВ серии.
Претседателката на Програмскиот совет даде своја забелешка дека треба на една посебна седница да се расправа само за Евровизија и да се ангажираме и да направиме напори за учество на овогодинешниот Евросонг доколку сеуште е можно такво нешто.
Програмскиот совет на МРТ како тело по трет пат односно трета година со ред сме сложни дека не треба да го откажуваме учеството на Евровизија дури и последни да сме секоја година, било која можност за афирмација и учество на Македонија во било кој меѓународен натпревар и споменувањето на Македонија на такви настани не смее да се пропушти.
Македонската Радио Телевизија постои за да продуцира музика и да ја афирмира музиката и кулутурата на Македонија и како е можно така лесно да се откаже една таква прилика за афирмација.
Членот Илир Рамадани по однос на емсијата „Моја општина“ на МТВ2 даде предлог до уредничката, таму каде што нема снимател да оди снимател од другите градови на настанот за да има прилози од сите градови, во емисиите за деца дали се размислува да се снимаат емисии во училиштата кои се надвор од Скопје во другите градови, бидејќи гледаме дека се снимаат надвор од студио.Уредничката Мерита Гаши одговори дека се сголасува со кажаното и и дека само во три општини има и снимател и новинар и се раководиме по тие ресурси што ни се даваат, што се однесува до вториот дел од месец Ноември започнуваме со снимање на школски проекти и ќе се земе во предвид сето ова што беше изнесено тука на седницава.
За збор се јави и Снежана Клинчарова, која во своето кратко излагање го кажа следново: Прво ја посочувам реченицата од воведот на Предлог-програмата за 2025 г. која се однесува на визијата на МРТ, дека таа треба да биде модерен јавен сервис кој ќе одговори на националните, но и на европските потреби на гледачите. Второ, да се има предвид дека досегашните уредници на првиот и третиот програмски сервис треба да превземат уреднички задачи и обврски во нови програмски сервиси. Трето: Новите уредници на 1-от и Собранискиот канал треба да имаат право да го искористат ( пишаното и непишаното) правилото ,,плус/минус 30 % измени и дополнувања на програмата за 2025 г. во насока на содржината на наведената реченица за визијата на МРТ.
Членот Анита Латифи зема збор и на почетокот упати честитки за изборот на новите уредници, а подоцна истакна дека нејзината забелешка по однос на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2025 година е стандардна во последните неколку години, односно дека 24 часовната програма на МТВ2 не може да се изработи со толку малку човечки ресурси и второ откупот на програма и копродукциите се многу помали за Вториот програмски сервис на МТВ во однос на Првиот програмски сервис на МТВ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка разгледани беа два дописи кои беа пристигнати до Програмскиот совет на МРТ:
-Одлука за набавка на програмски содржини со бр.02-6035/1 од 15.10.2024 година.
-Измена на Одлуката за набавка на програмски содржини со бр.02-6035/2 од 21.10.2024 година.

Седницата заврши во 16.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател